# THE WOMAN'S MENTALITY IN THE SHORT STORY "THE IRON SISTER" BY NEMICA TUGJU

**Refide Saini**
International Balkan University – Skopje, Republic of North Macedonia refide.saini@ibu.edu.mk
**Ivana Koteva**
University "Goce Delcev" – Shtip, Republic of North Macedonia ivana.koteva@ugd.edu.mk

**Abstract:** This article offers an insight into the female mentality, specifically the mentality of the Iron Sister from the short story of the same name by the Turkish writer Nemika Tugju. First, through a general analysis of the concept and the constituent components of mentality, and then through observation of the actions of the head nurse, we will find out what is under the armor of the so-called Iron Sister. Who are the architects of her iron armor that she will wear her entire life until it constricts and wears her to the limit? To whom is she consistent? Why does she suppress his feelings? These are questions, through the answers of which we will find out that the Iron Sister is actually only apparently iron. The conscience, the excessive expectations from herself, to be sinless and faithful to the teacher Melahat, will one day make a big yellow stain that will be fatal for her life. Finally, all the feelings that she has been suppressing for years will overwhelm her and she will melt into an ordinary person who has a hard time carrying her burden. A burden that she can no longer bear and surrenders to the decision to put an end to these feelings that torment her to the point of unbearableness.
**Keywords:** woman, female mentality, iron sister, yellow stain.

# МЕНТАЛИТЕТОТ НА ЖЕНАТА ВО РАСКАЗОТ „ЖЕЛЕЗНАТА СЕСТРА" ОД НЕМИКА ТУГЏУ

**Рефиде Шаини**
Меѓународен Балкански Универзитет -Скопје, Р. Северна Македонија refide.saini@ibu.edu.mk
**Ивана Котева**
Универзитет „Гоце Делчев"-Штип, Р. Северна Македонија ivana.koteva@ugd.edu.mk

**Резиме:** Оваа статија нуди откривање на женскиот менталитет т.е. менталитетот на Железната сестра од истоимениот расказ од турската писателка Немика Тугџу. Најпрвин преку општа анализа на поимот и составните комопоненти на менталитетот, а потоа и преку опсервација на постапките на главната медицинска сестра ќе дознаеме што се наоѓа под оклопот на така наречената Железна сестра. Кои се архитектите на нејзиниот железен оклоп кој ќе го носи целиот свој живот сѐ додека не ѝ стежне и не ја измори до крајни граници? Кому му е доследна? Зошто ги потиснува своите чувства? Се прашања преку чиишто одговори ќе дознаеме дека Железната сестра всушност само навидум е железна. Совеста, преголемите очекувања од самата себе, да биде безгрешна и доследна на учителката Мелахат, еден ден ќе напрват голема жолта дамка која ќе биде кобна по нејзиниот живот. Конечно, сите чувства кои со години ги потиснувала во себе ќе ја обземат и таа се претопува во обичен човек кој тешко се носи со својот товар. Товар кој повеќе не може да го издржи и се препушта на одлуката да стави крај на овие чувства кои ја измачуваат до неиздржливост.
**Клучни зборови:** жена, женски менталитет, железна сестра, жолта дамка.

## 1. ВОВЕД

Менталитет или ментален склоп е колоквијален термин кој означува карактеристичен склоп на мислења, верувања и емоционални реагирања на некој поединец, колектив, народ или друштво. Голем број психолози и социолози дале разни дефиниции за овој поим. Така на пример според австрискиот социолог Питер Динкелбахер, менталитетот се однесува на начинот и содржината на мислењето што го обележува одреден колектив во одредено време. Менталитетот, вели тој, се манифестира во постапките. (Dincelbaher, 2009, с.15). Постапките пак за да бидат показател на менталитетот треба да се повторуваат и да траат низ времето.
Храброста, упорноста / истрајноста, самодисциплината како главни одлики на жените кои се согледуваат во нивните постапки го сочинуваат таканаречениот женски менталитет.

Во текстот што го ставаме под опсервација, „трагите“ на женскиот менталитет ги анализираме преку постапките на Железната сестра од истоимениот роман.

## 2. ЗА ЖЕНСКИОТ МЕНТАЛИТЕТ

Менатлитетот е различен кај различни луѓе. Сите луѓе перципираат, учат, мислат, поседуваат темперамент, караткter итн., но насоките, интензитетот и особеностите на овие појави кај нив се разликуваат. За да се изрази менталитетот кај жената потребно е да се проучат нејзнините постапки и реакции кои се согледуваат во нејзиното однесување. Секоја жена има свое специфично однесување кое се карактеризира со доследност, единство и особеност. Особеноста на една жена значи дека таа е специфична, поинаква од другите и неповторлива. Тоа сознание за себе како единствена и незаменлива го претставува женското самосознание. Тоа се формира врз основа на сопственото мислење за себе, ни и врз основа на мислењето на другите за неа. На тој начин се формира менталитетот на жената.

Од најстари времиња, па до денес сведовци сме на постојана борба за рамноправност помеѓу мажите и жените. Во минатото за жените се создало едно непишано правило дека тие треба да му бидат потчинети на машкиот авторитет односно да не уживаат во многу права. Но, уште од тоа време се познати голем број на жени кои тргнале спротивно од овие општествени норми при што докажале дека жената може да биде и моќна владетелка, дипломат, политичар, воин на бојното поле, добар научник или уметник. Сето тоа многу добро се имплементира во развојот на историските процеси давајќи притоа една преубава слика и доказ дека менталитетот на жената како индивидуа може еднакво да се носи со сите животни предизвици во временскиот период во кој таа живеела и дејствувала.

Самодисциплината е животна вештина составена од мотивација и самоконтрола. Оваа особина ја среќаваме како составен дел на менталитетот на Железната сестра која е предмет на нашето истражување. За да се совлада на ниво на вештина, самодисциплината потребно е постојано да се практикува и повторува, впрочем како и секоја друга вештина. Одвреме – навреме, некаков фатален сплет на настани може на момент да го подигне превезот на осаменоста. Но, само за момент. Ниедо човечко битие не може да издржи постојана мисла за моралната осаменост без да полуди. (Assagioli,2015, с.7) Кај осаменоста како одлика и дел од менталитетот на човекот неоспорно е едно, станува збор за длабоко и силно чувство на празнина, кога очајно се посакува друштво и контакт со некој друг. Но, тоа чувство не е ни малку слично со состојбата да се биде сам. Сите луѓе понекогаш се сами, по избор или случајност, сеедно, но таа самотија може да биде позитивна, емотивно да го освежува човекот и да понуди можност да се биде сам со себе и со своите мисли и да земе нештата од животот во свои раце и под сопствена контрола. Осаменоста сепак, не е состојба на среќа туку силно чувство на неприсутна идентификација, разбирање и сочувство како што е случај и со Железната сестра.

Моралноста исто така е значајна компонента на карактерот и менталитетот на човекот. Таа има свои посебности и специфичности поврзани со професијата. Така на пример, лекарот треба да има високо развиено чувство на должност и морално однесување а истите овие несомнено се среќаваат и кај Железната сестра – главната медицинска сестра кои ги научила од учителката Мелахат и според нив се води во целиот понатамошен живот.

## 3. МЕНТАЛИТЕТОТ НА ЖЕНАТА ВО РАСКАЗОТ „ЖЕЛЕЗНАТА СЕСТРА“

Железната сестра – жена со длабока самоувереност за која слабоста претставува срам, силно чувство за наклонетост кон избраната професија, желба да ги оствари зборовите на својот татко, жена чиј живот е посветен да биде доследна на својата учителка Мелахат чии што зборови останале врежани длабоко во нејзината меморија. Жена со секојдневен копнеж за повеќе љубов и внимание од својот татко и несигурна во љубовта од својата мајка за која и во поодминатите години од животот и останало неодговореното прашање дали таа во училиштетот за медицински сестри ја испратила по желба на нејзината ќерка или пак да се ослободи од едно од шесте деца и да има кој да ја негува во староста.

Единствениот спомен од нејзиното семејство е птицата на ѕидниот часовник. Секоја ноќ, додека седи покрај каминот и го слуша гласот на птицата, ја обзема страв дека дека овие драгоцени спомени може да избледат. Копнее барем уште еднаш да го види својот татко кој починал додека таа била многу мала. Во ваквите моменти на слабост, оваа жена мислите ги пренасочува кон секојдневните обврски како што се креирање листа на обврски за наредните денови и нивна синхронизација до минута. Така заборава на своите желби и лошото чувство на осаменост.

Педантноста е една од нејзините главни одлики. На нејзината работна маса што самата ја брише, како под конец се наредени моливите, списоците и тетратката за да не пречекори ниту една секунда од потребното време за одредена задача:

„Кога работеше во болницата, секој ден бараше да ѝ се истријат плочките од собата со средство за чистење, а потоа со варакина. Бараше и двапати да се исплакне. Никој не можеше да ѝ ја допре масата што сама ја чистеше. Ја бришеше со насапунета крпа, па потоа со чиста влажна крпа, потоа уште еднаш ја бришеше со памук натопен во алкохол и, откако убаво ќе ја исушеше, списокот со должности го ставаше во левиот агол, врз масата го ставаше стаклото кое од двете страни го засветнуваше, левиот долен дел на нотесот го ставаше до левиот горен дел на списокот, а моливите ги редеше паралелно со тетратката.“ (Арал & Ерден, 2020, с.53)

Нејзината упорност, дисциплина и трпеливост може да се забележат од повеќе аспекти како што се броењето на направени чекори и нивно синхронизирање со минутите и секундите, одново и одново се додека не бидат прецизно точни додека се движи по ходниците во болницата; додека упорно ја трие жолтата флека на ѕидот иако е седумдесет и пет годишна жена со подуени и деформирани раце. Упорноста и доследноста се видливи карактеристики на Железната сестра која што четириесет и пет години од својот живот ги посветила на работата во болницата трудејќи се притоа да се држи до своите принципи, да биде, совесна, строга и кон себе си но и кон другите:

„Со белата капа на главата и снежнобелата униформа, чекореше како командант, чекорите ѝ одѕвонуваа низ ходникот. Нејзиното знаење и успесите во прфоесионалната работа кај секого будеше почит, а строгоста влеваше страв. Не само помошниот персонал туку и лекарите се држеа настрана од неа. Кога ќе се изнервираше, ходниците ечеа од нејзиниот глас. Стриктно се придржуваше кон одредбите и правилата на болницата, не им простуваше на оние што не ги почитуваа правилата и никому не му придаваше особено внимание. (...)

Службата и одговорноста беа пред сè. Не се паметеше дека задоцнила пет минути на работа, да излегла порано, или да побарала отсуство. Ако не беше на операција, точно во дванаесет часот го оставаше моливот на масата, ручаше за петнаесет минути и ѝ се враќаше на работата.

Времето беше многу важно...“ (Арал & Ерден, 2020, с.53)

Една долга зимска ноќ својата совест ја забележува во облик на жолта флека врз мермерот на печката. Почнува да ја трие со варакина обидувајќи се да ја избрише, но попусто. Безуспешни се неколкуте обиди и силните триења при што ја обзема нервоза а трпението се повеќе ѝ се намалува. До тогаш успевала сè да направи како што треба – како што всушност и се очекува од нејзе. Но, овој пат жолтата флека не попушта. Тоа е флека која се појави една мартовска вечер додека Железната сестра е дежурна во болницата. Пред вратата од болницата пристигнало воено возило од кое војниците изнеле едно младо едвај живо момче. Рацете му биле врзани со лисици а тоа било изнемоштено, крваво и модро, нозете едвај го држеле. Се разликувало од другите војници бидејќе не носел високи чизми како останатите, стапалата му биле црни и крвави, на прстите немал нокти а наожните зглобови му биле толку слаби што наликувале на исушена гранка. Како што го ставале на носилката така Железната сестра ги забележува сите овие детали мислејќи дека момчето е на смртниот праг а потоа го носи на петтиот кат во собра број девет.

Главниот доктор поставува дијагноза за младиот пациент. На сестрата ѝ дава инструкции и наредби при што забранува да му се дава вода на пациентот а на масата остава две шишиња инфузија кои треба да му ги приклучи по истекувањето на првата. Железната сестра будно ја следи неговата состојба, започнува да ги брои капките инфузија синхронизирајќи ги со секундите од часовникот. За неа ова е повеќе од дијагноза, ова е наредба, доследност на својата професија и пред сè одговорност за нечиј живот. Единствената слика пред неа е беспомошно дете кое претрпува неиздржлива болка а истовремено од устата му изтекува крв кој му се слева низ вратот и постелата. За момент сочувствува со неговата мака, но се присетува дека тој е тука бидејќи не ги почитувал правилата при што веднаш се враќа на својата принципиелност и одговорност.

Почитта на Железната сестра кон господинот доктор се согледува и кога младото момче со трепелив глас и со неизмерна жед за вода ја моли Железната сестра, а таа за момент како да попушта и се двоуми, но повторно се присетува на наредбата од докторот. Во овие моменти таа се фокусира на потиснување на сочувството кон младото момче и останува доследна на заповедта од докторот. Чувствата ѝ се мешаат, трпението ѝ попушта. Се труди да ги контролира своите чувства, трпението полека ѝ избледува а на негово место доаќа стравот. Седејќи на столот и гледајќи во досието на болниот ја игнорира постојната молба за капка вода. Жолтата флека на мермерот се појавува во рано изутрината кога Железната сестра оди до пациентот за да му го провери пулсот кој во меѓувреме престанал да бие. Лесно ги исчисти капките крв од подот, го избриша безживотното тело на момчето и ја смени постелнината. Но, жолата флека никако не сака да излезе и по толку мака и триење. Тоа утро докторот со поглед кон двете инфузии на масата ја разбуди свеста кај Железната сестра. Дури тогаш таа се сети дека двете инфузии требаше да му ги приклучи на болното момче. Фокусирајќи се на забранетата вода и болниот глас, ги заборави инфузиите кои можеле да го спасат неговиот живот. Но, сега тој беше мртов поради нејзината грешка. Грешка која едно младо момче го чинеше живот, грешка која од тој момент па натаму нема да ја остави сама, ќе ја прогонува во секој момент и

секоја мисла. Грешка која нема да може да ја заборави и да си ја прости. Грешка која не се брише со крпа и варакина, колку и да ја тире. Жолтата флека на мермерот е трагата која ја оставија совеста, недоследноста и преголемите очекувања од самата себе, да биде безгрешна и доследна на учителкаата Мелахат.
Соба број девет, петти кат, болното момче и погледот на докторот го опишуваат последниот работен ден на Железната сестра. Денот кога флеката во нејзиното срце ќе стане толку силна и голема што нема да може да издржи. И покрај упорноста да ја отстрани жолтата флека, нема да успее. На рацете ја гледа крвта на младото момче, телото од болка ѝ попушта, емоциите преовладуваат и преминуваат во солзи. Конечно... Сите чувства кои со години ги потиснувала во себе ја обземаат. Самотија, тага, жал и сопствената совет ја обземаат Желзната сестра и таа се претопува во обичен човек кој тешко се носи со својот товар. Товар кој повеќе не може да го издржи и се препушта на одлуката да стави крај на овие чувства кои ја измачуваат до неиздржливост, се препушта на одлуката да стави крај на својот живот.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Менатлитетот на жената е комплексна тема за која многу може да се раскажува и пишува. Многу научници дале дефиниции за него и се обиделе да го формулираат или опишат. Несомнено е дека го градат повеќе компоненти односно повеќе нешта или услови имаат влијание во неговата изградба. Така на пример, менталитетот на жената е различен во различни држави или националности. Во некои земји жената нема слобода на избор, па менталитетот според кој се одвиваат нејзините одлуки и постапки е доследен на родителите или сопругот. Во други земји и националности пак, жената има поголема слобода бидејќи не ѝ се наметнати насоки во животот па така менталитетот го оформува сама со текот на времето и предизвиците кои ќе се најдат пред неа. Главните архитекти во креирањето на менталитетот на Железната сестра од истоимениот роман се нејзиниот татко и улителката Мелахат. Железната сестра е само навидум железна. Оклопот на Железна сестра го носи целиот свој живот сè додека не ѝ стежне и не ја измори до крајни граници. Во себе таа ги носи сите чувства и потреби на секој човек, а не само на жената. Осаменоста која таа ја чувствува се врзува и со потребата да сака и да биде сакана како и со влијанието на таа љубов за формирање на самочувство. Една изрека вели: „Постои само една надеж против самотијата – љубовта. Таа продира низ сите ѕидови и допира до најосаменото срце, само ако тоа се отвори“. Можеби токму затоа осаменоста особено се засилува по прекин на љубовна врска, разделба или развод, кога таа се меше со чувствата на напуштеност, отфрленост, депресија, несигурност, безнадежност и сл. како што е случај и со Железната сестра. Но, иако понекогаш зависи од условите и приликите, сепак има случаи кога осаменоста зависи исклучиво од самиот човек, од неговата засилена потреба за интимност, од чувството на ранливост или низок степен на самодоверба.
Како и Железната сестра така и сите жени се трудат да бидат доследни на некого, но не сите ги потиснуваат своите чувства до тој степен на болка. Според тоа може да се каже дека менталитетот се оформува во текот на времето и во зависнот од средината во која расте и се развива една жена.

## ЛИТЕРАТУРА

Арал, И., & Ерден, А. (2010). Современ турски расказ Мозаик. Скопје: Поетики.
Георгиевска-Јаковлева, Л. (2012). Идентитет(и). Скопје: Институт за македонска литература.
Иригаре, Л. (2002). Спекулум на другата жена. Превод од француски јазик Елисавета Поповска, Ирена Павловска и Деспина Анѓеловска. Скопје: Евро-Балкан Пресс.
Караниколова-Чочоровска, Л. (2017). За женскиот менталитет и идентитет во расказот „Жената на покојникот“ од Бора Станковиќ. Штип: Палимпсест.
Крамариќ, З. (2010). Идентитет, текст, нација. Скопје: Табернакул.
Мојсиева-Гушева, Ј. (2010). Во потрага по себеси. Скопје: Институт за македонска литература.
Assagioli, R. (2015). The Psychology of Woman And her Psychosynthesis. Università degli Studi di Padova.
Dincelbaher, P. (2009). Istorija evrpskog mentaliteta. Podgorica: Службени гласник.
Eagly, A. & Diekman, A. (2004). Of Man, Women, and Motivation: A Role Congruity Account. Institute for Policy Research, Nortweatwern University.
Kaplan, M. (2016). Hikaye Tahlileri. İstanbul: Dergah Yayınları.
Kirman, M. A. (2020). Göç Araştırmaları ve Din. Ankara: II. Din Sosyolojisi Sempozyumu.
Korkmaz, R. & Tunç, G. (2019). Tanzimat Dönemi Türk Edebiyatı I-II, Ed. Ramazan Korkmaz ve Gökhan Tunç, Eskişehir: Anadolu Üniversitesi AÖF Yayınları.
Solak, Ö. (2020). Cinsiyet Gruplarına Göre Edebiyat Çalışmaları: Kadın, Erkek Ve Eşcinsel Edebiyatları, Multidisipliner Toplumsal Cinsiyet Tartışmaları. ed. Tuğba Akdal, (s.117-129.). Konya: Literatürk Academia Yayınları.

Soysal, G. (2020). Türkiye'de Kadın. Türkiye'nin Toplumsal Yapısı, 7. Baskı, Ed. Mehmet Zencirkıran. Bursa: Dora Yayınları.

Tunç, H. (2021). A Research on Women and Religion Studies in Turkey. Antakiyat Journal of Social and Theological Studies.